# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.36 од 23.03.2011 година**

## Член 1

Во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" број 54/2007, 86/2008, 98/2008, 64/2009 и 161/2009), во членот 248 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) Стручниот раководител од членот 247 став (1) алинеја 1 на овој закон може истовремено да биде и предавач во автошколата, доколку ги исполнува условите од ставот (2) на овој член."

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

## Член 2

Во членот 265 по ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

"(4) При спроведување на вториот практичен дел од возачкиот испит, на барање на кандидатот за возач, а во зависност од конструкциските карактеристики на возилото, може да присуствува и возач - инструктор од автошколата во која кандидатот за возач ја завршил обуката, кој нема право на глас.

(5) Барањето за присуство на возачот - инструктор при спроведување на вториот практичен дел од возачкиот испит, кандидатот за возач го искажува непосредно пред започнување на спроведувањето на вториот практичен дел од возачкиот испит."

## Член 3

Во членот 416 алинејата 2 се менува и гласи:

"- во висина од 1% од средствата што се наплатуваат за регистрација на моторни и приклучни возила и тоа од надоместокот за употреба на јавните патишта (патна такса),".

## Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".